АРХИТЕКТОНСКИ ФАЛУТЕТ – СКОПЈЕ

ПРЕДЛОГ КАНДИДАТУРА/ПРОГРАМА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

# ПЕТАР КОСТАДИНОСКИ

ФЕВРУАРИ 2025

**Почитувани студенти на Архитектонскиот факултет**,

Ми претставува големо задоволство да ви се обратам.

Јас сум Петар Костадиноски, студент на Архитектонскиот факултет во Скопје, моментално во третата година од студиите. По две години активно учество во Факултетското студентско собрание на АФС и тековната позиција како претседател на надворешна соработка во Универзитетското студентско собрание на УКИМ, одлучив оваа година да ја поднесам својата кандидатура за претседател.

Искуството што го стекнав низ собранијата ми помогна да развијам вештини и особини кои верувам дека се неопходни за да донесам позитивна промена во студентскиот живот на нашиот факултет.

Мојата цел е тоа знаење и искуство да го пренесам и споделам со вас – студентите, заеднички да работиме на создавање подобра средина од која сите ќе имаме придобивки.

Подолу ја презентирам програмата која би го водела Факултетското студентско собрание во наредниот период. Таа опфаќа правни измени, структурни подобрувања во рамките на собранието, планови за идни настани, соработки и активности. Сѐ е поставено во согласност со реалноста во која функционираме – свесен сум за предизвиците со кои се соочуваме, но, без разлика на тоа што можеме или не можеме, јас ќе се залагам постојано и безрезервно за реализација на замислените идеи.

**-Петар Костадиноски**

## Предлог програма за работа

# ОПШТИ ЦЕЛИ

Мојата програма, како што споменав и погоре, се состои од повеќе активности и промени кои планирам да се остварат во наредниот претседателски мандат. Со цел Факултетското студентско собрание да направи свеж и нов почеток, предвидувам промена во самата структура и организација на работа на истото, со донесување на правни и законски промени како и реализирање на разновидни активности во рамки на факултетот. Подоле можете да разгледате за што точно посочувам:

## 1. Решавање на секојдневните предизвици на факултетот

Свесен сум дека постојат многу предизвици кои на секојдневна база ни го отежнуваат нашиот престој на факултетот, со тоа кажано, Собранието ќе покрене иницијатива за решавање на истите, односно:

- Оспособување на факултетот за работа 24 часа, секој ден
- Оспособување на сите факултетски санитарии
- Други актуелни и идни предизвици

## 2. Иницијатива за подобрување на студентските услови

### 2.1 Продолжување на планот за студентски простории во рамки на факултетот заедно со ФСС од Градежен факултет

Повторно залагање за реализација на пренамената на бараките во студентски простории заедно во соработка со ФСС од Градежниот факултет, каде ќе ни биде овозможено непрекината работа, престој и соработка.

## 2.2. Иницијатива за отворање на факултетска принтерница

Иницијатива за оспособување на веќе постоечките факултетски капацитети за принтерници, во служба на сите членови на факултетот, со цел поефтино и поефикасно принтање во полза на сите, поконкретно во полза на студентите.

## 2.3 Снабдување на факултетот со разни материјали

Замисла за контактирање на сите производителски фирми, градежни фирми и снабдувачи со цел соработка, донацијата и рецуклажа на материјалите со кои располагаат. На ваков начин ќе се постигне пристап до, разновидни материјали кои ќе допринесе до поголем спектар на можности на начини за правење на макети, како и поефтини материјали, кои дополнително ќе ги намалат трошоците кога станува збор за правење на секаков вид на макети.

## 2.4 Иницијатива за збогатување на репертоарот на факултетската библиотека

Актуелизирање на библиотетскиот репертоар на книги, односно нававка на нови книги, списанија, магазини и трудови со цел и разработка на истата. Како и залагање за дигитализација на библиотеката.

## 2.5 Воведување на Прва помош кутии

Воведување на кутии во кои ќе има потребни продукти за дезинфекција и негување на мали повреди кои може да се случат при работа на факултетот.

# 3. Реформи во Факултетското собрание

Предвидувам промена во Факултетското студентско собрание од повеќе апсекти и тоа:

- Промена на статутот на ФСС
- Воведување на нови функции: Заменик претседател, секретар и студентски правобранител
- Воведување на надворешни соработници
- Финансиска независност и имање на свој буџет

- Организациски подобрувања на комисиите и нова структура за поефикасна работа

### 3.1 Иницијатива за сопствен простор на ФСС

## 4. Практична настава и вмрежување со работодавци

Имам забележано дека не доволно се дава значење на излагањето од студентските клупи и впуштање на студентите во реалниот свет. Поради досегашните искуства имам мислење дека практичната настава е клучен аспект во развојот на студентите и нивната кариера, и како мерки за подобрување на оваа ситуација ги предвидувам следниве:

- Контактирање на сите архитектонски студија и фирми, како и градежни фирми за практична настава
- Организирање на “Отворен ден” со работодавци и потенцијални единки за практична настава

### 4.1 Иницијатива за воведување на програма за изучување софтверски програми

Како и практичната настава, потребно е секој студент да биде добро и квалитетно поткован да може да излезе на пазарот на труд, тука спаѓаат многу апсекти и особини меѓу кои е и познавањето на соодветни софтверски програми за работа. Дел од софтверските програмите за кои ќе бараме да се направат курсови или програми се:

- 3DsMax
- Revit
- Photoshop и Ilustrator

## 5. Промоција и дигитализација

- Разработка на сите Инстаграм профили со кои располата ФСС-АФС
- Доработка и лансирање на вебстајтот на ФСС
- Дополнителна дигитализација на книги, трудови и проекти

## 6. Настани и активности

Ќе се направат низа на настани и активности кои ќе се од сферата на архитектурата и се што таа опфаќа, односно настани кои имаат цел да го збогатат формалното и неформалното образование на студентите:

- Организирање на минимум 2 работилници во семестар
- Организирање на минимум 2 предавање во семестар
- Организирање на дебата/конференција со професори
- Разно

## 7. Меѓународна соработка и поголема инклузија

Предвидувам и поголема изложеност на ФСС како и на факултетот, вон рамките на факулетот, тука спаѓаат:

- Поголема инклузија за другите факултети кои се во блиска релација со нашиот
- Поголема надворешна соработка со други архитектонски факултети од државата
- Меѓународна соработка надвор од границите на државата

## 8. Креирање на работни групи - комисии

Со цел подобра и поефикасна работа на собранието и неговите членови, ќе се направат помал број на комисии, каде ќе биде сконцентрирано времето и енергијата на сите кои ќе учествуваат во истите за да се завршат идните задачи многу поефективно. Комисиите кои ќе бидат направени се:

- Комисија за Настава
- Комисија за Настани и Активности
- Комисија за Надворешна и Внатрешна соработка
- Комисија за односи со Јавноста и Мултимедија
- Комисија за Финансии

## 9. Флексибилност и адаптабилност

Покрај строго дефинираните претходни цели, ја предвидувам и оваа, која би овозможила совладување на нови предизвици, проблеми и прашања, како и дозволува јас како и собранието да биде отворено на идеи, размислувања, промени кои би биле од бенефит на студентите, а кои не се наведени погоре.